РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-303/1
15 -01- 2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 26- та седница одржана на 30.12.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 09-1925/1 од 08.07.2025 година, оформен по пријава против службеното лице --------------, Раководител на Институт за --------------------- Скопје, СЕ ЗАПИРА поради тоа што не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1925/1 од 08.07.2025 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител против службеното лице ----------, Раководител на Институт за --------------------- Скопје. Во пријавата се изнесени сомневања за постоење на состојба на судир на интереси во постапка за избор на доцент при УКИМ Институт за -------------------------Скопје од причина што за доцент било избрано лицето -----------------, за која се наведува дека е вонбрачна партнерка на пријавениот, кој бил претседател на комисијата за избор и како претседател ја злоупотребил својата функција, ја спровел постапката за избор на доцент и гласал, а со својата моќ влијаел и над останатите членови на комисијата кои се вработени во институтот. Како прилог кон пријавата е доставена објава на авторски текстови на порталот ----------- од 24.10.2024 година и 02.12.2024 година, во кои се посочува на незаконитости од страна на службеното лице --------------, Раководител на Институт за ------------------- Скопје и рецензионата

комисија во постапката за избор на лицето со иницијали ------------- во звање доцент, наспроти кандидатот д-р. -------------, за кој рецензионата комисија воопшто не се изјаснила дали истата ги исполнува условите. Во пријавата пријавителот наведува дека досега не бил извршен надзор од Државниот просветен инспекторат.

Заради утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите од пријавата, Државната комисија достави Барање за вршење на вондреден инспекциски надзор над постапката за избор на доцент при УКИМ Институт за ---------------- Скопје, за лицето ---------------- и за лицето со иницијали -------------.

Видно од доставениот Записник ИП1 бр.31-741 од 16.10.2025 година од Државниот просветен инспекторат за извршен вонреден инспекциски надзор и доставената документатција во прилог, е дека од страна на Државниот просветен инспекторат претходно бил извршен надзор над постапката за избор во звање доцент на лицето ------------------, по доставена претставка од д-р сци. д-р. ----------------, за што е приложен Записник ИП1 бр.09-109 од 13.11.2023 година во кој не се констатирани никакви неправилности во работењето на субјектот на надзорот.
Во однос на постапката за избор во наставно-научно звање по објавениот конкурс од 07.02.2024 година, каде бил избран кандидатот со иницијали -------------- исто така се наведува дека веќе било постапувано од страна на Државниот просветен инспекторат, по доставена претставка од прим.д-р.сци.д-р. ------------- од Скопје, за што е приложен е Записник ИП1 бр. 09/2-908 од 30.10.2024 година од извршен вонреден инспекциски надзор, во кој не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор.
Од доставената докуменатација во прилог е видно дека по тужба на тужителот прим.д-р.сци.д-р. ----------------- од Скопје за поништување на Одлука за избор на наставник во сите наставно-научни области -------------, донесена на XI седница на Наставно-научниот совет на УКИМ – --------------- факултет Скопје на 28.10.2024 година, Основниот граѓански суд Скопје донел Пресуда РО.бр.4513/24 од 03.06.2025 година со која тужбеното барање го одбил како неосновано.
По поднесена претставка од ------------- од Скопје постапувала и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, која донела Мислење Арх.број 08-25/5 од 11.04.2025 година со кое не се утврдува дискриминација врз ------------- во областа на работата и работните односи, сторена од --------------, Раководител на Институт за ---------------------- Скопје и ------------------ – Раководителка на катедра за судска медицина при --------------- факултет – Скопје, а врз основа на образование и друга основа – лична нетрпеливост.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од доставената докуменатација е видно дека по тужба поднесена од тужителот ------------------ од Скопје, против конкурсот за избор на лица во сите наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања, распишан од Деканот на ----------------- факултет во Скопје, одлучувал и Управниот суд, кој донел Решение У-1.бр. 703/2023 од 26.08.2025 година со кое ја отфрлил тужбата на тужителот.

Од наведеното произлегува дека надлежни државни органи, секој во рамки на својата законска надлежност, постапувале во врска со наводите од предметната пријава, при што не утврдиле неправилности, ниту незаконитост на постапката за избор по објавениот конкурс, за која било утврдено дека била спроведена со целосно почитување на одредбите од Законот за високото образование и соодветните подзаконски акти, со што не се потврдуваат наводите изнесени во пријавата.

Државната комисија со цел проверка на наводите за постоење на состојба на судир на интереси во постапката за избор во звање доцент, се обрати до службеното лице --------------- со барање од негова страна да биде доставена информација дали лицето ---------------- му е блиско лице во смисла на членот 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој „Под поимот „блиски лица“ се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес“.

На ден 03.12.2025 година ----------------- достави Изјава до Државната комисија во која под материјална и кривична одговорност изјавува дека со лицето ---------------- ниту во 2023 година во периодот на нејзиниот избор во наставно-научно звање, ниту сега во 2025 година не живеел и не живее во вонбрачна заедница, не бил и не е во брак, ниту пак се роднини и немаат никаков заеднички финансиски интерес.

При вака утврдена фактичка состојба, а имајќи го предвид член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, каде е уредено дека „Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности“ Државната комисија не констатира постоење на судир на интереси и постапување спротивно на одредбите од член 73 до член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К. – виш соработнк
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Скопје
Shkup
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
Republika e Maqedonisë së Veriut

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk